


Соопштение од Глобалното Македонско Координативно тело на Македонците надвор од Македонија.

По повод иногорирањето на Стево Пендаровски на функцијата за Претседател на државата, Македонските заедници надвор од Македонија го сметат тој чин за нелегитимен и нема да го почитуваат како таков.

Нелегитимноста се должи на самиот изборен процес спроведен од нелегитимен парламент и влада,со притисок и низа утврдени нерагуларности кои не соодејствуваат на критериумите предвидени на ЕУ и ОЕБС.

Ставовите на Македонците надвор од границите на Македонија се кристално јасни. Повеќе од три години преку различни протести и манифестации се изјаснаа против насилно донесената нелегитимна влада и сите донесени нејзини анти уставни закони .

Го почитуваме принципот на немешање на внатрешните работи на државите, нивната сувереност и независност. Бидејќи ниту еден од овие принципи не е почитуван во насилно променетиот македонски устав, логичен и принципиелен е нашиот став.

Во иднина, сите активности на државните институции и органи ќе бидат бојкотирани се до моментот на враќањето на дејствување на правна македонска држава.

Северна творба за нас не постои.За нас постојат македонски јазик,нација,историја и традиција,ништо помалку ,ништо повеќе.

Нашата борба до конечна слобода на Македонија и Македонскиот народ продожува!

***Глобално Македонско Координативно тело на Македонците надвор од Македонија.***

***12 Мај 2019 Торонто ,Канада***